**Архивски број:02-** 220/7

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на Р.М" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18), в.д. Директорот на Државниот комунален инспекторат донесе :

# О Д Л У К А

## за избор на кандидати по Интерен оглас бр.02/2019 за унапредување на двајца (2) административни службеници

1. Во врска со Интерниот оглас број **2/2019** заведен под бр. 04-220/1 на 01.07.2019 година а според Финалната ранг листа на интервјуирани кандидати со Предлог одлуката бр.04-220/6 од 17.07.2019 година од Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана со Решение бр.04-220/3 од 12.07.2019 година, за работните места:
   -УПР 01.01.Г01.000 - Самостоен референт за административни работи, Одделение за инспекциски надзор , **СЕ ИЗБИРА** кандидатот **Сафет Амет** .
   -УПР 01.01.Г01.000 – Самостоен референт – благајник, Одделение за финансиски прешања, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот **Зекирија Салији.**

2. Во рок од 5 дена по конечноста на одлуката ќе се донесе решение за унапредување на административните службеници од точка 1 на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

### *О б р а з л о ж е н и е*

По добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.18-3941/2 Наш.бр.05-148/2 од 17.05.2019 за унапредување на административни службеници, Државниот комунален инспекторат на ден 08.07.2019 објави на веб страната на ДКИ и веб страната на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр.02/2019 заведен под бр.04-220/1 на 01.07.2019 година за унапредување на 2 административни службеници.

Во функција на спроведувањето на постапката за унапредување на административни службеници согласно прописите за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државниот комунален инспекторат се спроведе административна селекција за што е составен Записник бр.04-220/4 од 17.07.2019 година.

Оттука, врз основа на Записникот од административната селекција бр.04-220/4 и Записникот од спроведеното интервју бр.04-220/5 од 17.07.2019 година, а според вкупно освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата состави Финална ранг листа со предлог одлука за избор на интервјуираните кандидати за интерен оглас бр.04-220/6 од 17.07.2019 година кои ги достави на понатамошно постапување на ден 18.07.2019 година до в.д. Директорот на Државниот комунален инспекторат – Скопје.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници е утврдено дека во рок од три дена од добивањето на предлогот раководното лице е должно да донесе одлука за избор.

Имајќи го предвид наведеното, в.д. Директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен,во рок од 8 дена.

в.д Директор
М-г Sali Ajdini

ДОСТАВЕНО ДО:
- Кандидатот
- Човечки ресурси
- Архива

Подготвил: Валентина Илиевска
Прегледал: Садуддин Челеби


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Државен комунален инспекторат-Скопје
Ул. Булевар „Кузман Јосифовски Питу “ бр.15 лок. ½, 1000, Скопје
+ 389(0)2 2462 595
www.dki.gov.mk